*ОПШТИНА КАРПОШ*
*ГРАДОНАЧАЛНИК*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен Весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното

# СООПШТЕНИЕ

За организирање на јавна презентација и јавна анкета за Локална урбанистичка планска документација за Г4-Магацин со изложбен салон за КП 130/1, КО Бардовци, м.в Главичица, Општина Карпош, Скопје.

Јавната анкета за Локална урбанистичка планска документација за Г4-Магацин со изложбен салон за КП 130/1, КО Бардовци, м.в Главичица, Општина Карпош, Скопје, ќе се одржи од 08.04.2019 година до 12.04.2019 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Јавната презентација за Локална урбанистичка планска документација за Г4-Магацин со изложбен салон за КП 130/1, КО Бардовци, м.в Главичица, Општина Карпош, Скопје ќе се одржи на ден 12.04.2019 година во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Просторот за кој се одобрува Локалната урбанистичка планска документација се наоѓа надвор од Границите на ГУП на град Скопје (2012-2022) и надвор од и Урбанистички план за село Бардовци.

Површината на опфатот за кој се изработува Локалната урбанистичка планска документација изнесува 1513 м2,

Анкетните листови за учество за Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и на системот Е-Урбанизам.

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета, графичкиот приказ за Локална урбанистичка планска документација за Г4-Магацин со изложбен салон за КП 130/1, КО Бардовци, м.в Главичица, Општина Карпош, Скопје и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица, можат да достават забелешки на анкетни листови во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и во електронска форма преку информацискиот систем Е-Урбанизам, согласно член 35 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен Весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев